# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

# НА ОПШТИНА МАВРОВО И РОСТУШЕ

| | | |
|---|---|---|
| **СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА**<br>**ОПШТИНА МАВРОВО И РОСТУШЕ**<br>**Излегува по потреба**<br>**Рок на рекламации 15 дена** | **06.03.2019**<br>**Ростуше**<br>**Број 02**<br>**Год.XXIV** | **e-mail:mavrovorostuse@yahoo.comТел:(042)478–814; 478–815** |

**Ростуше, 06 Март 2019 година**

**25.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (”Сл.Весник на РМ” број 05/2002), а во согласност со член 34 став 1 точка 3 и член 103 од Статутот на Општина Маврово и Ростуше(”Сл.Гласник на Општина Маврово и Ростуше” број 03/2015 ) (пречистен текст), Градоначалникот на Општина Маврово и Ростуше го донесе следниот:

З А К Л У Ч О К

За прогласување на Одлуката за верификација на мандатот на член на Совет на Општина Маврово и Ростуше

СЕ ПРОГЛАСУВА, Одлуката за верификација на мандатот на член на Совет на Општина Маврово и Ростушеја број: 08 -90/3 што Советот на Општина Маврово и Ростуше ја донесе на 23 – тата седница одржана на ден 28.02.2019 година.

Бр.09-99 /1 — Општина Маврово и Ростуше
04.03.2019 год. — Градоначалник
Р о с т у ш е — Медат Куртовски с.р.

Врз основа на член 22, точка 13 од Законот за локална самоуправа (,,Сл.Весник на РМ бр.5/2002,,), член 37 став 4 точка 4 и член 155 став 1 од Изборниот законик а во согласност со член 25 точка 41 од Статутот на Општина Маврово и Ростуше ,,Службен Гласник на Општина Маврово и Ростуше бр.03/2015 (пречистен текст). Советот на Општина Маврово и Ростуше на својата седница одржана на ден: 28.02.2019 година ја донесе следната:

О Д Л У К А

За верификација на мандатот на член на Советот на Општина Маврово и Ростуше

Член 1

Советот на Општина Маврово и Ростуше го верификува мандатот на член на совет за мандат 2017-21 на Општина Маврово и Ростуше на ЈОШЕ ПОПОСКИ од листата на СДСМ, согласно членот 155 од Изборниот законик на Република Македонија.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување, а ќе се објави во ,,Службен Гласник на Општина Маврово и Ростуше,,.

Бр.08-90/3 — Совет на Општина Маврово и Ростуше
28.02.2019 год. — П р е т с е д а т е л
Р о с т у ш е — Алил Алили, с.р..

**26.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (”Сл.Весник на РМ” број 05/2002), а во согласност со член 34 став 1 точка 3 и член 103 од Статутот на Општина Маврово и Ростуше(”Сл.Гласник на Општина Маврово и Ростуше” број 03/2015 ) (пречистен текст), Градоначалникот на Општина Маврово и Ростуше го донесе следниот:

З А К Л У Ч О К

За прогласување на Одлуката за верификација на мандатот на член на Совет на Општина Маврово и Ростуше

СЕ ПРОГЛАСУВА, Одлуката за верификација на мандатот на член на Совет на Општина Маврово и Ростуше – број: 08 -90/4 што Советот на Општина Маврово и Ростуше ја донесе на 23 – тата седница одржана на ден 28.02.2019 година.

Бр.09-99/2 Општина Маврово и Ростуше
04.03.2019 год. Градоначалник
Р о с т у ш е Медат Куртовски с.р.

Врз основа на член 22, точка 13 од Законот за локална самоуправа (,,Сл.Весник на РМ бр.5/2002,,), член 37 став 4 точка 4 и член 155 став 1 од Изборниот законик а во согласност со член 25 точка 41 од Статутот на Општина Маврово и Ростуше ,,Службен Гласник на Општина Маврово и Ростуше бр.03/2015 (пречистен текст). Советот на Општина Маврово и Ростуше на својата седница одржана на ден: 28.02.2019 година ја донесе следната:

О Д Л У К А

За верификација на мандатот на член на Советот на Општина Маврово и Ростуше

Член 1

Советот на Општина Маврово и Ростуше го верификува мандатот на член на Совет за мандат 2017 – 21 на Општина Маврово и Ростуше на САМРА ЏАФЕРИ од листата на Демократската партија на Турците во Македонија согласно членот 155 од Изборниот законик на Република Македонија.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување, а ќе се објави во ,,Службен Гласник на Општина Маврово и Ростуше,,.

Бр.08-90/4 Совет на Општина Маврово и Ростуше
28.02.2019 год. П р е т с е д а т е л
Р о с т у ш е Алил Алили, с.р..

**27.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (”Сл.Весник на РМ” број 05/2002), а во согласност со член 34 став 1 точка 3 и член 103 од Статутот на Општина Маврово и Ростуше(”Сл.Гласник на Општина Маврово и Ростуше” број 03/2015 ) (пречистен текст), Градоначалникот на Општина Маврово и Ростуше го донесе следниот:

З А К Л У Ч О К

За прогласување на Одлуката за пристапување кон измена и дополна на дел од ГУП за туристичко-спортско-рекреативен центар Маврово

СЕ ПРОГЛАСУВА, Одлуката за прогласување кон измена и дополна на дел од ГУП за туристичко-спортско-рекреативен центар Маврово – број: 08 -90/5 што Советот на Општина Маврово и Ростуше ја донесе на 23 – тата седница одржана на ден 28.02.2019 година.

Бр.09-99/3 Општина Маврово и Ростуше
04.03.2019 год. Градоначалник
Р о с т у ш е Медат Куртовски с.р.

Врз основа на член 7 точка 2 и член 24 став 1 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.весник на Р.М.“ бр 199/14; 44/15; 193/15; 31/16; 163/16; 64/18 и 168/18), член 34 точка 6 од Статутот на Општината Маврово и Ростуше(„Сл. гласник“ бр.03/2015) а во врска со член 2, став 1, алинеа 5 од Правилникот за стандардите за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Сл. весник на Р.М“ бр. 56/11), Советот на Општината Маврово и Ростуша на седницата одржана на ден: 28.02.2018 година ја донесе следната:

О Д Л У К А

за пристапување кон измена и дополна на дел
од ГУП за туристичко-спортско-рекреативен центар Маврово

Член 1

Со оваа одлука се пристапува кон измена и дополна на дел од ГУП за туристичко-спортско-рекреативен центар Маврово

Кон оваа измена се пристапува по иницјатива на Општината Маврово и Ростуше.

Измената се прави со цел вклопување на објект во постојната урбанистичко планска документација- ГУП за туристичко-спортско-рекреативен центар Маврово, заради утврдување на правен статус на истиот, согласно Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Сл. весник на Р.М.“ бр. 23/11, 54/11, 155/12, 72/13, 44/14, 115/15, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16 и 190/17).

Член 2

Одлуката се донесува заради промена на просторот во Општиот ГУП за туристичко-спортско-рекреативен центар Маврово, бидејќи објектот лежи на површина каде што според сегашната намена на просторот не е предвидена е изградба на објекти , а со оваа одлука се врши пренамена на просторот во зона Б4 ( Деловен простор )

Член 3

Со оваа одлука се врши пренамена на земјиштето на дел од КП. бр. 60/10 КО Маврово-ВГР .

Член 4

Одлуката произведува правно дејстово со денот на донесувањето од страна на Советот, а ќе се објави во „Службен гласник“ на Општина Маврово и Ростуша.

Бр.08-90/5 — Совет на Општина Маврово и Ростуше
28.02.2019 год. — П р е т с е д а т е л
Р о с т у ш е — Алил Алили, с.р..

**28.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (”Сл.Весник на РМ” број 05/2002), а во согласност со член 34 став 1 точка 3 и член 103 од Статутот на Општина Маврово и Ростуше(”Сл.Гласник на Општина Маврово и Ростуше” број 03/2015 ) (пречистен текст), Градоначалникот на Општина Маврово и Ростуше го донесе следниот:

З А К Л У Ч О К

За прогласување на Одлуката за пристапување кон измена и дополна на дел од ГУП за туристичко-спортско-рекреативен центар Маврово

СЕ ПРОГЛАСУВА, Одлуката за пристапување кон измена и дополна на дел од ГУП за туристичко-спортско-рекреативен центар Маврово – број: 08 -90/6 што Советот на Општина Маврово и Ростуше ја донесе на 23 – тата седница одржана на ден 28.02.2019 година.

Бр.09-99/4 — Општина Маврово и Ростуше
04.03.2019 год. — Градоначалник
Р о с т у ш е — Медат Куртовски с.р.

Врз основа на член 7 точка 2 и член 24 став 1 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.весник на Р.М.“ бр 199/14; 44/15; 193/15; 31/16; 163/16; 64/18 и 168/18), член 34 точка 6 од Статутот на Општината Маврово и Ростуше(„Сл. гласник“ бр.03/2015) а во врска со член 2, став 1, алинеа 5 од Правилникот за стандардите за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Сл. весник на Р.М“ бр. 56/11), Советот на Општината Маврово и Ростуша на својата седница одржана на ден: 28.02.2018 година ја донесе следната:

О Д Л У К А

за пристапување кон измена и дополна на дел
од ГУП за туристичко-спортско-рекреативен центар Маврово

Член 1

Со оваа одлука се пристапува кон измена и дополна на дел од ГУП туристичко-спортско-рекреативен центар Маврово

Кон оваа измена се пристапува по иницјатива на Општината Маврово и Ростуше.

Измената се прави со цел вклопување на објект во постојната урбанистичко планска документација ГУП за туристичко-спортско-рекреативен центар Маврово , заради утврдување на правен статус на истиот, согласно Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Сл. весник на Р.М.“ бр. 23/11, 54/11, 155/12, 72/13, 44/14, 115/15, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16 и 190/17).

Член 2

Одлуката се донесува заради проширување на опфатот во ГУП туристичко-спортско-рекреативен центар Маврово бидејќи објектот лежи на површина каде што според сегашната намена на просторот не е предвидена изградба на објекти,а со оваа одлука се врши пренамена на просторот во зона Е24(други објекти од инфраструктурата)

Член 3

Со оваа одлука се врши пренамена на земјиштето на дел од КП бр.60/1 КО Маврово-ВГР. .

Член 4

Одлуката произведува правно дејстово со денот на донесувањето од страна на Советот, а ќе се објави во „Службен гласник“ на Општина Маврово и Ростуше.

Бр.08-90/6
28.02.2019 год.
Р о с т у ш е

Совет на Општина Маврово и Ростуше
П р е т с е д а т е л
Алил Алили, с.р..

**29.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (”Сл.Весник на РМ” број 05/2002), а во согласност со член 34 став 1 точка 3 и член 103 од Статутот на Општина Маврово и Ростуше(”Сл.Гласник на Општина Маврово и Ростуше” број 03/2015 ) (пречистен текст), Градоначалникот на Општина Маврово и Ростуше го донесе следниот:

З А К Л У Ч О К

За прогласување на Одлуката за одобрување на финансиска помош за спонзорство
на ФК “РЕКАНЦИ” од с.Ростуше, Општина Маврово и Ростуше

СЕ ПРОГЛАСУВА, Одлуката за одобрување на финансиска помош за спонзорство на ФК ”РЕКАНЦИ” од с.Ростуше, Општина Маврово и Росруше – број: 08 -90/7 што Советот на Општина Маврово и Ростуше ја донесе на 23 – тата седница одржана на ден 28.02.2019 година.

Бр.09-99/5
04.03.2019 год.
Р о с т у ш е

Општина Маврово и Ростуше
Градоначалник
Медат Куртовски с.р.

Врз основа на член 62, став 1 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ број 05/2002), а во согласност со член 15,став 1, точка 7 и член 25, став 1, точка 42 од Статутот на Општина Маврово и Ростуше (пречистен текст) Сл.Гласник бр.03/2015 година.

Советот на Општината на седницата одржана на ден 28.02.2019 година, ја донесе следната:

# О Д Л У К А

За одобрување на финансиска помош за спонзорство на ФК "РЕКАНЦИ" од с.Ростуше, Општина Маврово и Ростуше

Член 1

Се одобрува парична помош во износ од: 40.000,00 денари на ФК "РЕКАНЦИ" од с.Ростуше Општина Маврово и Ростуше, за одржување на подготовки и настапување на натпревари.

Член 2

Паричната помош се доделува врз основа на поднесено писмено барање од Фудбалскиот клуб "Реканци".

Член 3

ФК "РЕКАНЦИ" со мат.број 6909353 и даночен број. 30220150002463. Средствата ќе бидат исплатени од буџетот на Општината за 2019 година на т. Сметка 200002649946678 – Стопанска банка м.бр. 2905979473004.

Член 4

Средствата за оваа намена ќе се исплатат од Буџетот на Општина Маврово и Ростуше за 2019 година.

Член 5

Оваа одлука ќе биде објавена во ''Службен Гласник на Општина Маврово и Ростуше'' а ќе влезе во сила со денот на нејзиното објавување.

Бр.08-90/7
28.02.2019 год.
Р о с т у ш е

Совет на Општина Маврово и Ростуше
П р е т с е д а т е л
Алил Алили, с.р..

**30.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /"Сл.Весник на РМ" број 05/2002/, а во согласност со член 34 став 1 точка 3 и член 103 од Статутот на Општина Маврово и Ростуше /" Сл.Гласник на Општина Маврово и Ростуше" број 03/2015 /пречистен текст/, Градоначалникот на Општина Маврово и Ростуше го донесиe следниот:

# З А К Л У Ч О К

За прогласување на Одлуката за регулирање на режимот на сообраќајот во дел од населените места во општината

СЕ ПРОГЛАСУВА, Одлуката за регулирање на сообраќајот во дел од населените места на општината - број 08----/8 што Советот на Општината Маврово и Ростуше ја донесе на 23 – тата седница одржана на ден 28.02.2019 година.

Бр.09-99/6
04.03.2019 год.
Р о с т у ш е

Општина Маврово и Ростуше
Градоначалник
Медат Куртовски с.р.

Врз основа на член 62, став 1, од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ број 05/2002), а во согласност со член 25, став 1, точка 24 и 43 од Статутот на Општина Маврово и Ростуше (пречистен текст Сл.Гласник бр.03/2015 година).

Советот на Општина Маврово и Ростуше на седницата одржана на ден: 28.02.2019 година ја донесе следната:

# О Д Л У К А

За регулирање на режимот на сообраќајот во дел од населените места на општината

Член 1

Се спроведува промена на режимот на сообраќајот, односно ЗАБРАНА ЗА ПАРКИРАЊЕ НА ВОЗИЛА на дел од сообраќајните површини во следното населено место:
Во с.Скудриње на дел од локалниот пат од Поштата до куќата на Јусуфи Сулејман во должина од 50м. ЗАБРАНА ЗА ПАРКИРАЊЕ ОД ДВЕТЕ СТРАНИ НА ПАТОТ, освен за дотур на роба ( утоварање и истоварање) и превоз на патници.На паркингот од левата и десната страна на новата амбуланта да се остранат сите возила кои не се користат.На месноста викано Бигорец да се остранат сите товарни возила и градежен материјал, истиот да се користи за паркирање на комбиња и патнички возила. На месноста викано Раскрсница ќе биде паркинг за товарни возила и истовар на градежен материјал.

Член 2

Се задолжува МВР на РМ-Полициското одделение Ростуше да превземаат мерки според ЗБСП за спроведувањето на оваа одлука и регулирањето на сообраќајот на наведеното место како што е наведено во член 1 од оваа одлука.

Член 3

Се задолжува Општината Маврово и Ростуше да изврши одбележување со хоризонтална и вертикална сообраќајна сигнализација на наведеното место, каде што е извршено времена промена на режимот на сообраќајот.

Член 4

Забраната од член 1 на оваа Одлука е донесена врз основа на писмено барање од Советот на Месна Заедница на село Скудриње.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавување во Службен гласник на Општината.

Бр.08-90/8
28.02.2019 год.
Р о с т у ш е

Совет на Општина Маврово и Ростуше
П р е т с е д а т е л
Алил Алили, с.р..

**31.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /"Сл.Весник на РМ" број 05/2002/, а во согласност со член 34 став 1 точка 3 и член 103 од Статутот на Општина Маврово и Ростуше /" Сл.Гласник на Општина Маврово и Ростуше" број 03/2015 /пречистен текст/, Градоначалникот на Општина Маврово и Ростуше го донесује следниот:

# З А К Л У Ч О К

За прогласување на Одлуката за определување на места за истакнување на рекламен материјал на политичките партии на преседателските избори 2019 година

СЕ ПРОГЛАСУВА, Одлуката за определување на места за истакнување на рекламен материјал на политичките партии за преседателските избори 2019 година. Број 08-90/9 што Советот на Општината Маврово и Ростуше ја донесе на 23 – тата седница одржана на ден 28.02.2019 година.

Бр.09-99/7<br>04.03.2019 год.<br>Р о с т у ш е

Општина Маврово и Ростуше<br>Градоначалник<br>Медат Куртовски с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 16, од Законот за локална самоуправа / Сл.Весник на РМ број 05/2002/, и член 78 од Изборниот закон /Сл.Весник на Р.Македонија, бр 54/2011/ а во согласност со член 25 од Статутот на Општина Маврово и Ростуша /пречистен текст Сл.Гласник бр.03/2015 година/, Советот на Општина Маврово и Ростуше на ден 28.02.2019 година, ја донесе следната:

# О Д Л У К А

За определување на места за истакнување на рекламен матријал на политичките партии за преседателските избори 2019 година.

Член 1

Со оваа одлука Општина Маврово и Ростуше согласно изборниот закон ги определува местата за истакнување на изборни плакати и и друг рекламен матријал на политичките партии за преседателските избори 2019 година:

- На рекламни паноа и билборди кои можат да се користат за политичко рекламирање (со надоместок).
- на ѕидовите во влезот на населените места (без надоместок),
- на огласните табли тамо каде што ги има (без надоместок),
- на просториите во сопствените изборни штабови (без надоместок),
- изборни плакати може да се истакнуаат на приватни објекти доколку има согласност од сопственикот на објектот.

Член 2

Може да се истакнуваат изборни плакати со надомест на дополнителни места доколку за тоа има поднесено барање од организаторите на изборната кампања а по добиено одобрение од страна на општината.

Член 3

По завршувањето на изборниот процес организаторите на изборната кампања се должни рекламните плакати и друг рекламен материјал да го отсранат од местата каде што се истакнати.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување, а ќе биде доставена до штабовите на политичките партии и објавена во службен гласник на општина Маврово и Ростуше.

Бр.08-90/9<br>28.02.2019 год.<br>Р о с т у ш е

Совет на Општина Маврово и Ростуше<br>П р е т с е д а т е л<br>Алил Алили, с.р..

**32.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /"Сл.Весник на РМ" број 05/2002/, а во согласност со член 34 став 1 точка 3 и член 103 од Статутот на Општина Маврово и Ростуше /" Сл.Гласник на Општина Маврово и Ростуше" број 03/2015 /пречистен текст/, Градоначалникот на Општина Маврово и Ростуше го донесје следниот:

З А К Л У Ч О К

За прогласување на Одлуката за донесување на програма за одржување на јавна чистота на подрачјето на Општина Маврово и Ростуше за 2019 година

СЕ ПРОГЛАСУВА, Одлуката за донесување на програма за одржување на јавна чистота на подрачјето на Општина Маврово и Ростуше за 2019 година број 08-90/8 што Советот на Општината Маврово и Ростуше ја донесе на 23 – тата седница одржана на ден 28.02.2019 година.

Бр.09-99/8
04.03.2019 год.
Р о с т у ш е

Општина Маврово и Ростуше
Градоначалник
Медат Куртовски с.р.

Врз основа на член 12 од Законот за јавна чистота („Службен весник на РМ" бр.111/08, 64/09, 88/10, 23/11, 53/11, 80/12, 163/13, 44/15, 147/15 и 31/16) член 15, став 1, точка 4 и член 25 став 1 точка 15 од Статутот на Општина Маврово и Ростуше („Службен гласник на Општина Маврово и Ростуше" бр. 03/2015, пречистен текст).

Советот на Општина Маврово и Ростуше на седницата одржана на 28.02.2019 година, донесе

О Д Л У К А

За донесување на програма за одржување на јавна чистота на подрачјето на Општина Маврово и Ростуше за 2019 година

Член 1

Советот на Општина Маврово и Ростуше донесува Програма за одржување на јавната чистота за 2019 година која ги дефинира обемот, динамиката, начинот на вршење на потребните активности и начинот на нивно финансирање.

Член 2

Одржувањето на јавната чистота ќе го врши ЈПКД" МАВРОВО" од Маврови Анови, чиј основач е Општината. Општината може со Одлука на Советот горенаведените работи, да ги отстапи на извршување на правно лице, регистрирано за вршење на овие работи, согласно со закон.

Член 3

Програмата ќе се реализира со средства планирани со буџетот на Општина Маврово и Ростуше за 2019 година.

Член 4

Одлуката стапува во сила со денот на донесување а ќе биде објавена во "Службен Гласник на Општина Маврово и Ростуше".

Бр.08-90/10
28.02.2019 год.
Р о с т у ш е

Совет на Општина Маврово и Ростуше
П р е т с е д а т е л
Алил Алили, с.р..

Врз основа на член 12 од Законот за јавна чистота („Службен весник на РМ“ бр.111/08, 64/09, 88/10, 23/11, 53/11, 80/12, 163/13, 44/15, 147/15 и 31/16) член 15, став 1, точка 4 и член 25 став 1 точка 15 од Статутот на Општина Маврово и Ростуше („Службен гласник на Општина Маврово и Ростуше“ бр. 03/2015, пречистен текст).

Советот на Општина Маврово и Ростуше на седницата одржана на 28.02.2019 година, донесе

# П Р О Г Р А М А
## за одржување на јавна чистота на подрачјето на Општина Маврово и Ростуше за 2019 година

I.Вовед

Програмата за одржување на јавната чистота на подрачјето на Општина Маврово и Ростуше за 2019 година ги дефинира обемот, динамиката, начинот на вршење на потребните активности и начинот на нивно финансирање.

Одржувањето на јавната чистота подразбира чистење (метење и миење) на јавните сообраќајни површини и е во зависност од:

- густина на населеноста
- фрекфенција на луѓе и моторни возила
- степен на нечистотија
- степен на пречки (паркирани возила, диви продавачи и др.)
- инфраструктурните сообраќајни услови
- делувањето на градежната оператива, која со своите возила се јавува како еден од најголемите загадувачи на јавните сообраќајни површини

Одржувањето на јавната чистота ќе се состои од:

- Метење и миење на сите улици, како и сите други јавни површини и отворени простори и јавни објекти наведени во Законот за јавна чистота;
- Празнење на уличните корпи за отпад кои се поставени во населените места на општината;
- Одржување на крајбрежје на мавровското езеро
- Одржување на паркови и зелени површини
- Одржување на јавните површини во зимски услови
- Одржување на споменици и спомен-обележја во населените места од општината.

Одржувањето на јавната чистота ќе го вршат ЛПКД „Маврово“ Од Маврови Анови, чии основач е општината.

Табела: Површини каде ќе се извршува јавната чистота

| Ред. бр. | Улица/локација | површина (м2) |
|---|---|---|
| 1. | Улици и плоштади во поголемите населени места и центарот на општината – с.Ростуше | |
| 2. | Патеката околу Мавровското езеро | |
| | | |
| 3. | Општинските пазари во Ростуше и Маврово | |
| 4. | Спортската сала Македонија | |
| 5.<br>6. | Викенд и туристичките локации | |

Извршувањето на работните задачи и активности во делот на одржување на јавна чистота ќе се врши константно (континуирано) од страна на ЈПКД „ Маврово.

Работните задачи во делот на одржување на јавна чистота ќе се вршат по потреба (во зависност од годишното време, спортските активности, манифестации и др.).

Во зимскиот период во услови на снег чистењето на локални патишта и дел од улиците ќе го вршат фирми кои ќе го добијат тендерот за зимско одржување на локални патишта и улици. Исто така ќе вршат посипување со индустриска сол и песок, доколку се обезбедат услови за одржување на локалните патишта во зима – чистење на снег со Одлука на совет може да се определи таквите обврски да ги преземе Јавното комунално трептпријатие.

Чистење на јавните површини од снежните врнежи ќе се врши согласно Годишниот оперативен план за зимски услови на општина Маврово и Ростуше што ќе биде донесен од страна на советот на општината.

Корисниците, односно сопствениците на отворените простори на јавните објекти и на дворните површини на колективните и индивидуалните објекти за домување се должни истите уредно да ги одржуваат на начин со кој не се нагрдува и деградира просторот и редовно да го отстрануваат сметот од истите.

Чистењето на јавните површини после јавни манифестации, собири и други масовни собирања ќе се врши од страна на ЈПКД „Маврово" по претходен договор со организаторот на истите или дококлу нема договор должни се самите организатори да ги очистат површините на кои е одржана манифестацијата.

Потоа ќе има периодично косење на банкини и тротоари на локалните патишта во општината во пролетниот и летниот период, кастрење на дрворедите еднаш годишно.

Јавните површини кои по поројните врнежи се прекриени со наноси од песок и друг материјал ќе се чистат веднаш по престанувањето на врнежите и се со приоритет пред другите активности. Доколку постојат објективни можности по чистењето на наносите ќе се изврши перење на улиците.

Поставување садови за отпад и обезбедување на јавни санитарни јазли

За одржување на јавната чистота на јавните површини и отворени простори пред јавни објекти ќе се поставаат соодветни садови за фрлање на отпадоци и ќе се обезбедат јавни санитарни јазли.

За одржување на јавната чистота, ќе се набават и поставаат канти-садови, односно метални контејнери од 1,1 м3 и пластични садови за селектирање на отпад.

Места за одредување на локации за депонирање на цврст градежен отпад во населените места на територијат на општината се одпределени со Одлука бр.07-136/8 од 28.03.2014 година, донесена од страна на Советот на Општина Маврово и Ростуше.

II.Начин на финансирање

За успешно спроведување и реализација на предметната програма и за успешно реализирање на програмски предвидените задачи и активности се предвидува да се обезбедат финансиски средства во буџетот на општината.

Висината на надоместокот за одржување на јавна чистота ќе биде утврдена со Одлука на Советот на општината Маврово и Ростуше, согласно со член 24 и 25 од Законот

за јавна чистота („Службен весник на РМ“ бр.111/08, 64/09, 88/10, 23/11, 53/11, 80/12, 163/13, 44/15, 147/15 и 31/16).

За реализација на оваа Програма определни се средства во висина од 1.000.000.00 денари, планирани со Буџетот на Општина Маврово и Ростуше за 2019 год.

III.Цел на Програмата

Програмата за одржување на јавна чистота на подрачјето на општина Маврово и Ростуше е креирана за одржување на оптимална јавна чистота на ниво преку зајакната контрола на сите создавачи на отпад со цел да се намалат трошоците за одржување на јавна чистота преку:

- одговорност на субјектите од создавање преку постапување до одлагање на отпадот,
- едукација од страна на извршителот на програмата,
- подигање на јавна свест,
- чести контроли од страна на надлежниот општински орган - комунални редари
- систем за стимулација-опомени и казни.

IV.Извршител на Програмата

Задолжен субјект за извршување на активности предвидени со оваа Програма е Општина Маврово и Ростуше и ЈПКД „Маврово“ Маврови Анови.

Јавното претпријатие за комунални дејноди „Маврово“ Маврови Анови изготвува Годишна програма за работа во која се содржани вкупните површини, и населените места во општината, бројот на извршителите, ангажираната механизација, динамиката и степенот на услугата, како и финансиските показатели.

Извршителите имаат обврска за континуирано, квалитетно и навремено одржување на јавната чистота согласно Програмата за одржување на јавна чистота на подрачјето на Општина Маврово и Ростуше за 2019 година.

Во случај на неквалитетно вршење на работите согласно членот 7 став 2 од Законот за Јавна чистота, Општината може со Одлука на Советот на општината, горенаведените работи да ги отстапи на извршување на правно лице регистрирано за вршење на овие работи, согласно со закон.

Правата и обврските меѓу Општината Маврово и Ростуше и Јавното претпријатие за комунални дејности согласно член 8 од Законот за јавна чистота се уредуваат со посебен Договор кој содржи:

- вид и обем на работите (реализација на Програмата )
- начин и рок на плаќање за извршување на работите;
- гаранција за исполнување на обврските од договорот и друго.

V.Надзор над извршување на Програмата

Надзор над извршување на Програмата за јавна чистота на подрачјето на општина Маврово и Ростуше за 2019 година врши надлежниот општински орган - одделние за инспекциски надзор.

Инспекциски надзор согласно Законот за јавна чистота вршат овластениот комунален инспектор, комуналните редари или друг лице од редот на инспекциските служби.

VI.Завршни одредби

Програмата за одржување на јавна чистота за подрачјето на Општина Маврово и Ростуше за 2019 година влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник на општина Маврово и Ростуше“.

Совет на Општина Маврово и Ростуше
Претседател
Алил Алили

**33.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /”Сл.Весник на РМ” број 05/2002/, а во согласност со член 34 став 1 точка 3 и член 103 од Статутот на Општина Маврово и Ростуше /” Сл.Гласник на Општина Маврово и Ростуше” број 03/2015 /пречистен текст/, Градоначалникот на Општина Маврово и Ростуше го донесље следниот:

З А К Л У Ч О К

За прогласување на Одлуката за давање приоритет за реализација на проект Реконструкција на локален пат за село Сретково

